
e-TRAVELLER
HW-080-XT



PEUGEOT веќе 210 години ја почитува високо квалитетната и иновативна француска производна традиција. Сега повеќе од кога и да е, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила. Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до поврзаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.


**03** Дизајн

**06** PEUGEOT i-COCKPIT

**09** Модуларност

**11** Поврзување и безбедност

**13** Grip control®

**14** Мотори

**19** Персонализација

# ПОКАНА ЗА ПАТУВАЊЕ








## ВПЕЧАТЛИВ КАРАКТЕР

PEUGEOT e-Traveller Ве поканува да започнете со патување. Неговиот современ и елегантен дизајн открива пространа внатрешност во која сè е дизајнирано за да се чувствувате удобно. PEUGEOT e-Traveller лесно се прилагодува на Вашите потреби. Достапен е во три должини(1) со 8(2), 7(3) или 5(3) седишта.

(1) Во зависност од верзијата.
(2) Достапно како стандард.
(3) Опција или недостапно во зависност од верзијата.

## ЕЛЕГАНТЕН СТИЛ

Забавниот и гостопримлив PEUGEOT e-Traveller исто така знае како да се издвои од останатите. Со обновената вертикално поставена украсна решетка, LED осветлувањето(1) и Xenon предните светла(2), PEUGEOT e-Traveller силно го изразува својот стил.

(1) Достапно како стандард
(2) Достапно како стандард или опција во зависност од верзијата.

## ЕЛЕКТРИЧЕН КАРАКТЕР

Монограмот „e-Traveller“ се појавува на задниот дел од возилото.

Отворот за полнење е поставен напред од страната на возачот за попрактично полнење.

Многу агилен, e-Traveller лесно се движи и паркира во централните подрачја во градот и може да се вози во области со ограничен сообраќај. Неговата висина ограничена на 1,90[1] му овозможува пристап до сите паркинг места.

(1) ≤ 1,90 m на сите верзии со стандардна носивост..








# ЧУВСТВУВАЈТЕ СЕ УДОБНО ВО ВНАТРЕШНОСТА



## ПАТУВАЈТЕ СПОКОЈНО

Во внатрешноста, компактниот PEUGEOT e-Traveller е посветен на удобноста на возачот. Ниските прагови овозможуваат лесен пристап до подигнато седење, кое доминира на патот и нуди позиција за возење во стил на SUV. Ергономската опрема, како што се head-up дисплејот(1) и 7"екран на допир(1), секогаш се на дофат и прегледни.

Централната конзола на PEUGEOT e-Traveller располага:

- „e-Toggle" копчето овозможува брз пристап до контролите на електричниот автоматски менувач. Совршено интегриран и ергономски, дава пристап до функциите Park / Reverse / Neutral / Drive и Brake.
- Може да изберете и еден од трите режими на возење: ECO, NORMAL, и POWER(2)

Електричната паркирна сопирачка, која е достапна како стандард, работи автоматски и е исклучително лесна за употреба.

(1) Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата
(2) ECO: оптимизиран опсег - NORMAL: оптимален комфор - POWER: оптимизирани перформанси при транспорт на голем товар




## БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ ВО СЕКОЈ МОМЕНТ

Новата инструмент табла со 3,5" дигитален дисплеј во боја кај PEUGEOT e-Traveller прикажува важни информации за возење во реално време, како што се преостанатиот опсег и мерачот на моќност (Charge/Eco/Power)(1).

(1) CHARGE: регенерира/делумно ја полни батеријата. - ECO: оптимална потрошувачка на енергија. - POWER: максимална моќност.



## ЕКРАН НА ДОПИР

На големиот екран на допир, лесно пристапувате до целиот електричен универзум преку кратенка(1) и јасно го визуелизирате протокот на електрична енергија.

(1) Достапно само со NAC.





## ЕДНОСТАВЕН ПРИСТАП

Благодарение на автоматските hands-free лизгачки странични врати[1], можете да пристапите до патничката кабина без раце. Вратата може да се отвори или затвори со движење на ногата под задниот браник на возилото, дури и кога рацете Ви се зафатени. Сè што треба да направите е да го имате електронскиот клуч со Вас. PEUGEOT e-Traveller исто така овозможува hands-free пристап и вклучување на моторот (ADML)[1] и на задниот прозорец што се отвара одделно.

(1) Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата











# ПОГОЛЕМА МОДУЛАРНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА ФЛЕКСИБИЛНОСТ

PEUGEOT e-Traveller е достапен во верзии со 8, 7 или 5 седишта. Изберете помеѓу трите должини (од 4,60 m до 5,30 m) и задоволете ги Вашите потреби. Во вториот и третиот ред има лизгачка клупа поделена во однос 2/3 - 1/3. Клупата се состои од два потполно независни делови кои можат индивидуално да се лизгаат по шините и на тој начин да се прилагодат на просторот во кабината за да им се овозможи на патниците најудобно патување. Отстранливите и лизгачки седишта ги обезбедуваат сите можни конфигурации за модуларен простор што се прилагодува на разни ситуации. Откако ќе го спуштите потпирачот за грб на совозачкото седиште, лесно можете да пренесете предмети долги до 3,50m[1]. Само во компактната верзија која е долга 4,60 m, можат да возат 8 луѓе. Во конфигурацијата со 5 седишта имате корисен волумен во багажникот од 2m³[2]. PEUGEOT e-Traveller нуди голем број на места за складирање (до 49 l), кои се распоредени низ патничката кабина.

(1) Достапно исклучиво за верзијата Active.
(2) Преклопени седишта во 3-тиот ред: волумен на багажникот 1500 литри (1.384 m3 VDA). Волуменот може да се зголеми дури до 3600 l (3.397 m3 VDA) благодарение на целосно отстранливите седишта во 2-ри и 3-ти ред.





## УЖИВАЈТЕ ВО ВОЗЕЊЕТО

Застаклениот панорамски кров со индивидуални завеси(1), овозможува уникатно осветлување на патничкиот простор. Мултифункционалниот покрив има вградено амбиентално осветлување со LED светла(2) и индивидуални светла за читање. За уште поголема удобност, e-Traveller е опремен со индивидуални отвори за воздух и клима уред на задните седишта. Во патничкиот простор се распоредени четири приклучоци од 12 V и приклучок од 220 V и USB приклучок за полнење на преносни уреди.

(1) Достапно како стандард или недостапно во зависност од верзијата.
(2) Достапно како стандард кај стандардната и долгата верзија.

## ЗА УДОБНО ПАТУВАЊЕ

За возење со семејство или пријатели, стандардната опрема вклучува ретровизор за деца, маси кои се преклопуваат на задниот дел од предните седишта, ролетни за сонце во вториот ред(1) и заштита за багажот(2).

(1) Достапно стандардно или како опција во зависност од верзијата.
(2) Не е достапно за компактната верзија.

# ЗА ПОДОБРО ИСКУСТВО



# ЗА БЕЗБЕДНО И ИНТУИТИВНО ВОЗЕЊЕ

Олеснете го патувањето со 3D навигацијата[1] со препознавање на глас вклучувајќи информации за сообраќајот во реално време и ризичните зони од услугите TomTom[2], како и локацијата и достапноста на јавните станици за полнење. 7" екранот исто така ја вклучува функцијата Mirror Screen[3], која Ви овозможува да ги користите апликации од Вашиот телефон компатибилни со Apple CarPlay™ или Android Auto™.
За поудобно и побезбедно возење e-Traveller е опремен со голем број на системи за помош при возење, како што се Visiopark1[4], препознавање на знаци и препораки за ограничување на брзина[5], автоматско вклучување на долгите светла[5], Active Safety Brake[6], адаптивен темпомат[4], предупредување за ненамерно напуштање на лента[5], следење на слепи точки[5], head-up дисплеј[6] и шест воздушни перничиња[7].













(1) Во зависност од дестинацијата.
(2) TomTom услугите овозможуваат прикажување на сите информации кои се важни при Вашето возење во реално време: сообраќај во реално време, бензински пумпи, паркиг места, временски услови, локални пребарувања и ризични области од страна на услугите на TomTom (во зависност од локалното законодавство). Претплатата на сите овие услуги доаѓаат со 3-годишна претплата што може да се продолжи или последователно да се обнови со доплата.
(3) Само специфицираните апликации Android Auto™ и Apple CarPlay™ ќе работат кога возилото е во мирување или кога возите, во зависност од апликацијата. Кога возите, некои карактеристики ќе бидат оневозможени. Некои видиви на содржини кои може да се користат бесплатно на Вашиот паметен телефон, бараат претплата на одредена Android Auto™ или Apple CarPlay™ апликација. Функцијата Mirror Screen работи преку Android Auto™ (за телефони со Android) или Apple CarPlay (за iOS телефони) под услов да имате мобилен или Интернет Договор.
(4) Достапно како стандард или опција со 7" екран на допир, во зависност од верзијата
(5) Достапно како опција во зависност од верзијата
(6) Достапно како стандард или опција во зависност од верзијата
(7) Две предни воздушни перничиња, две странични воздушни перничиња и две воздушни завеси , кои се достапни како опција во 2-ри и 3-ти ред во некои верзии.






## ЧУВСТВУВАЈТЕ СЕ СЛОБОДНО

PEUGEOT e-Traveller е опремен со системот Grip Control®[1], кој ги подобрува карактеристиките за возење благодарение на системот за контрола на држењето на патот. Може да изберете режим за возење на снег, кал, песок, ESP Standard или ESP OFF со тркалцето на централната конзола. Со секој избран режим, системот за пренос на енергија и стабилност на возилото се прилагодува на видот на теренот за уште поспокојно и возбудливо возење.

(1) Достапно како опција или недостапно во зависност од верзијата.

# ОСВОЈТЕ ГО ПАТОТ








## 100% ЕЛЕКТРИЧЕН МОТОР

Новиот PEUGEOT e-Traveller е опремен со електричен мотор од 100 kW (136 КС), благодарение на кој лесно се управува по градските улици и е исклучително издржлив и безбеден на патиштата надвор од градот. Електричниот мотор обезбедува одлично забрзување благодарение на моменталниот вртежен момент од 260 Nm. Уживајте во флексибилно, динамично и тивко возење[1] зад управувачот на PEUGEOT e-Traveller.

(1) Сепак, внимавајте да не ја изгубите контролата над возилото и да бидете претпазливи со пешаците присутни во близина кои не се навикнати на целосно тивки возила.

## КАПАЦИТЕТ НА БАТЕРИЈАТА

Новиот PEUGEOT Traveller може да биде опремен со 50 kWh високонапонска батерија, која овозможува опсег до 230 km според постапката за тестирање WLTP[1] или со капацитет од 75 kWh, која овозможува опсег до 330 km според WLTP[2]. Батеријата е поставена така што не влијае на просторот во патничката кабина и волуменот на багажникот.

(1) Батерија од 50 kWh: достапна за компактната, стандард и долгата верзија
(2) 75 kWh батерија: достапна за стандард и долгата верзија. Наведените вредности за опсегот и потрошувачката на енергија се во согласност со постапката за тестирање WLTP, која мора да ја извршат сите нови возила од 1 септември 2018 година, со цел да се добие одобрување на тип на возило. Опсегот може да варира во зависност од реалните услови на возење при употреба и разни фактори како што се: брзина, термички комфор во возилото, стил на возење и надворешна температура. Времето на полнење зависи особено од моќноста на полначот инсталиран во возилото, од кабелот за полнење, како и од видот и капацитетот на прилкучокот кој се користи за полнење.




## 3 РЕЖИМИ НА ВОЗЕЊЕ

PEUGEOT e-Traveller има 3 режими на возење:
- Eco: оптимизација на автономија преку регулирање на некои поставки.
- Normal: оптимална удобност за секојдневна употреба
- Power: Оптимизација на перформансите за време превоз на многу луѓе и багаж.

## РЕГЕНЕРАТИВНО КОЧЕЊЕ

Постојат 2 нивоа на регенеративно кочење на моторот што Ви овозможува да ја полните батеријата додека забавувате:
- Умерено, за чувство слично како кај возилата со мотор со внатрешно согорување
- Зголемено, за забавување контролирано од педалата за гас

## ПОЛНЕЊЕ ДОМА ИЛИ НА РАБОТА

За целосно искористување на опсегот до 330 km WLTP понудени се различни решенија за полнење:

• На стандарден приклучок (8A) за целосно полнење потребно е 31 час (со батерија од 50 kWh) или 47 часа (со батерија од 75 kWh)
• На засилен приклучок (16A) за целосно полнење потребно е 15 часа (со батерија од 50 kWh) или 23 часа (со батерија од 75 kWh)
• На ѕиден полнач од 7,4 kW за целосно полнење потребно е 7,5 часа (со батерија од 50 kWh) или 11,20 часа (со батерија од 75 kWh)
• На ѕиден полнач од 11 kW за целосно полнење потребно е 5 часа (со батерија од 50 kWh) и 7 часа и 30 минути (со батерија од 75 kWh)
• На станица за полнење за да ја наполните батеријата до 80% потребно е 30 минути (со батерија од 50 kWh или 45 минути (со батерија од 75 kWh) со полнач од 100 kW

## ПОЛНЕЊЕ НА ЈАВНИ СТАНИЦИ

Голема мрежа од повеќе од 220.000 јавни терминали[(1)] е достапна низ цела Европа.

(1) Времето на полнење може да варира во зависност од видот и моќноста на станицата за полнење, надворешната температура на местото на полнење и температурата на батеријата.













## e-КОНТРОЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ОД ДАЛЕЧИНА

Контролирајте директно од Вашиот паметен телефон и испланирајте го Вашето полнење. Можете исто така да управувате со температурата во внатрешноста.

## АПЛИКАЦИЈА MYPEUGEOT®

Искористете ги предностите на персонализирани услуги во реално време, синхронизирани со Вашата корисничка сметка, преку бесплатната апликација MyPEUGEOT®(1):

- Следете го статусот на Вашиот автомобил (податоци за возење, локација)
- Имајте брз и лесен пристап до помош при возење
- Управувајте со барањата за одржување и сервис на Вашето возило.

(1) Услуга достапна со пристап до мобилна мрежа.

# СТИЛОТ КОЈ ВИ ОДГОВАРА





1



2

## БИДЕТЕ ОПКРУЖЕНИ СО ЛУКСУЗ

Погледнете ги различните видови материјали за внатрешноста изработени од ткаенина(1) или кожа(2), кои создаваат врвен амбиент и обезбедуваат високо ниво на удобност.

(1) Достапно кај ACTIVE нивото на опременост.
(2) Достапно кај ALLURE нивото на опременост - Кожа и други материјали: За повеќе детали за материјалите од кожа, видете ги достапните технички податоци или контактирајте го Вашиот дилер на PEUGEOT.

1. С & Т пепеласто сина ткаенина со шарени Brasilia детали
2. Кожа со дупчиња Claudia / црни - беж Impala порабување



## ИЗБЕРЕТЕ ЈА ВАШАТА БОЈА

Изберете од широката палета од пет достапни бои.

(1) Мат боја.
(2) Металик боја.



Бела Banquise[1]



Кафеава Rick Oak[2]



Црна Perla Nera[1]



Сива Artense[2]



Сива Platinium[2]

## КОМПЛЕТИРАЈТЕ ГО ВО ЦЕЛОСТ

(1) Достапно како стандард.



17" алуминиумска наплатка PHOENIX(1)



1



2




3



4




5



6

# ПАТУВАЈТЕ СО СТИЛ

Со PEUGEOT e-Traveller слободно може да го изразите Вашиот сопствен стил. Изберете додатоци кои совршено одговараат на линиите на Вашето возило.

1. Кровни носачи и кровна кутија
2. Држач за паметни телефони
3. Заштита за багажникот со логото на Peugeot
4. Држач за таблети
5. Прагови на вратите со логото на Peugeot
6. Кука за влечење со прицврстувачки додаток без дополнителни алатки

7. Палета на детски седишта




7




# МРЕЖА И УСЛУГИ.

Кога ќе се одлучите за Peugeot, на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство.

Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

**ЗА ВАША БЕЗГРИЖНОСТ (1)**

**PEUGEOT ГАРАНЦИЈА**

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предностите во склоп на мрежата, можност за 5 годишна гаранција до изминати 100.000 километри гаранција и 12 години гаранција од корозија.

**PEUGEOT ПАКЕТИ**

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет

**PEUGEOT ОРИГИНАЛНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата на Peugeot во траење од една година.

**ФЛОТНА ПРОДАЖБА**

При флотна набавка на возила за нашите бизнис клиенти нудиме широка палета на комерцијални возила по специјални цени и услови на купување, одржување и сервисирање на возилата. Воедно, нудиме различни опции за преработка или надградба на комерцијални возила согласно Вашите барања (возила за брза помош, амбулантни возила, полициски возила, блиндирани возила итн). Отворени сме за соработка со сите компании кои имаат интерес за набавка на едно или повеќе Peugeot возила, одеднаш или во одреден временски период. Целата комерцијална гама е достапна и во електрична верзија.

**ЗА ВАШЕ ЗАДОВОЛСТВО PEUGEOT НА ИНТЕРНЕТ**

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја официјалната веб страница: http://www.peugeot.com

Македонската интернет страница е:

http://www.peugeot.mk

Следете не и на Facebook и Instagram:

FB/PeugeotMacedonia

IG/Peugeot_Macedonia

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите.

Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ. За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.

Следете не на:
FB / PeugeotMacedonia
Instagram / Peugeot_Macedonia
Linked In / Peugeot-Macedonia

PEUGEOT ВИ ГО ПРЕПОРАЧУВА TOTAL

www.peugeot.mk